# ПРИМЕР
# НА МАТУРСКА ПРОЕКТНА ЗАДАЧА
# ПО СОЦИОЛОГИЈА

*Тема:* **Етнички групи**

*Истражувачко прашање:* **Недоволното меѓусебно познавање- причина за етничка нетрпеливост меѓу младите во Македонија**

## Што треба да направиш во фазата на подготовка?

- Да обезбедиш доволно извори на податоци (искуствена евиденција) со кои ќе докажеш дека прашањето на етничката нетрпеливост во Македонија е актуелно и заслужува посебно внимание, каква е состојбата во другите држави по ова прашање, дали е истражуван досега проблемот на етничката нетрпеливост во Македонија;

**Пример:**

Додека во голем број од земјите во Европа во тек се интеграционите процеси и градењето на заеднички вредности, на територијата, пак, на Југоисточа Европа се случуваат процеси на транзиција и дезинтеграција, појави на големи економски и општествени раслојувања и меѓуетнички конфликти кои создаваат неповолна средина за развој на младите генерации. Ефектите од овие процеси се особено видливи во Р. Македонија. Во Македонија, покрај фактот дека постои законската регулатива со која се регулира процесот на децентрализација, користењето на јазиците, етничките симболи итн., евидентна е меѓуетничката нетрпеливост, особено меѓу учениците. Таа се манифестира преку взаемната недоверба, агресија, насилство, постоењето на културни и религиозни бариери.

Законот за користење на јазиците во повеќенационалните општини наместо да резултира со релаксација на меѓуетничките односи и подобра меѓусебна комуникација доведува до зголемување на степенот на изолација на секоја етничка заедница. Фактот дека македонските и албанските ученици можат да го започнат и завршат своето образование затворени во нивните етнички заедници ќе доведе до продлабочување на постоечкиот јаз меѓу овие заедници и нама да помогне во надминување на веќе создадените предрасуди. Сликата останува иста дури и во институциите во кои наставата за македонските и албанските ученици и студенти се реализира во исти објекти.

Нискиот стандар на припадниците од ромската националност, непознавањето на ромската култура и традиција како и влијанието на предрасудите и стереотипите за Ромите придонесуваат и оваа етничка заедница да живее прилично изолирано.

Актуелната ситуација покажува дека формалното образование во основните и средните училишта не им овозможува на младите доволно познавање за различните култури кои егзистираат на овој простор, ниту пак доволно вештини за меѓусебна комуникација во секојдневниот живот. Последните неколку години направени се напори за подобрување на меѓуетничките односи меѓу младите преку вклучување на неформалното образование во процесот на учење. Многу домашни и интернационални здруженија и невладини организации во основните и средните училишта организираа работилници за градење на толеранција и мирољубиво разрешување конфликти. Покрај фактот дека нивните активности беа насочени кон охрабрување на младите меѓусебно да комуницираат и да се запознаат подобро, големата подвоеност на младите во рамките на своите етнички заедници укажува на потребата за понатамошна работа на ова поле и развој на трајни образовни модели на добра практика кои ќе можат да се применуваат во процесот на учење на младите.

## Дефинирање ги целите на истражувањето

## Општа цел

Истражувањето има за цел утвди дали младите (учениците во училиштето) имаат доволно знаење, ставови и вештини како да стапат во интеракција со припадници од други култури и активно да учествуваат во изградбата на интеркултурна демократска заедница која ќе може да се интегрира во Европското семејство на народите.

***Посебни цели***

- Развој на свеста кај младите за почитување на вредностите на сопствената култура како и на вредностите на културите на другите заедници;
- Развој на интеркултурни компетенции и вештини кај младите за комуникација со припадници на други култури;
- Продлабочување на познавањето на сопствната религија како и на религијата на другите народи;
- Развој на способностите на младите да управуваат со процесот на сопственото учење (самоконтрола, самодисциплина) неопходни за интеркултурното учење;
- Овозможување на младите да земат активна улога при креирање на содржините и на процесот на учење во кој се развива свеста за себе и за другите;
- Развој на образовен модел преку кој ќе се овозможи учениците со различна етничка припадност да учат повеќе едни за други.

## Хипотези

Основна хипотеза од која се поаѓа во истражувањето е дека учениците немаат знаења и способности за живот во мултиетничко општество какво што е Р. Македонија.

***Посебни хипотези:***

- Училиштето преку образовните програми ги оспособува учениците за живот во мултиетничка заедница;
- Учениците доволно се познаваат меѓусебе;
- Меѓу учениците постои толеранција, соработка и тие умеат мирно да ги решаваат конфликтите.

## Популација и примерок на истражувањето

Популација во истражувањето претставуваат ученици од основно и средно образование од 5 училишта во општината Кисела Вода (СУГС "Владо Тасевски", "СУГС Васил Антевски Дрен" ОУ "Партение Зографски", СУГС Р.Ј. Корчагин" и ОУ "Кирил Пејчиновиќ", наставници, родители, директори на основните и средните училишта и локални партнери.

## Примерок

Примерокот на ова истражување е определен по случаен избор имајќи ги пред вид: карактерот на примерокот, големината и местоположбата на училиштата, етничкиот состав на училиштето. Примерок на истражувањето го сочинуваат 1348 ученици, 1266 родители на ученици, 96 наставници, 5 директори на ниво на општина Кисела Вода.

## **План за реализација на истражувањето** (проектот)

При истражувањето ќе се користат повеќе истражувачки постапки, техники и инструменти:

- анализа на содржина (опис на квантитативна присутност на некои појави, содржина на пораките во процесот на комуникација);
- дескриптивен метод (опишување, објаснување);
- статистички метод (обработка на емпириски податоци);
- анкета, однапред подготвени интервјуа за прибирање на податоци за проблемот (подготвени анкетни листови, прашалници, интервјуа со целни прашања);
- истражување на случај (поставен проблем - случај преку кој се доаѓа до бараните податоци);
- Истражувањето предвидува активности кои имаат за цел учениците да ја запознаат сопствената култура и културата на учениците од други етнички групи преку запознавање на вредностите, нормите, обичаите, религијата, јазикот и други обележја на културата преку обуки,

семинари, дизајнирање на интерактивна web страна; подготовка на мултимедијални материјали on-line курсеви, изработка на брошура, изработат заедничка декларација за интеркултурно разбирање.

## Временска рамка на активностите по месеци

| **Активности по месеци** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анкета | | | | | | |
| Интервјуа со ученици, наставници, родители | | | | | | |
| Креирање на интерактивна њеб страна | | | | | | |
| Учење базирано на искуство | | | | | | |
| Работа на on line курсот | | | | | | |
| Обука за ученици | | | | | | |
| Обука за наставници | | | | | | |
| Завршен семинар | | | | | | |
| Мониторинг и евалуација | | | | | | |
| Изработка на промотивен материјал | | | | | | |
| Завршен извештај | | | | | | |

## Извори на податоци кои ќе се користат при истражувањето


1. Петковска А.; Димитриевска В.; Миновски К.; Истражувањето спроведено во 2003 година во издание на
2. ФИООМ, Скопје; Програма наречена “Културна деконтаминација”.
3. Група автори, 2002, Граѓанско образование за средни стручни училишта, БРО
4. Трајковски И.;1997 Граѓанско содружништво, Гоцмар,Скопје
5. Trajkovski I. and Popovski M., 1997: The legitimisy of Constitucional Order of the Republic of Macedonia:optional of Macedonian Citizen about the Fundamental Balues of the Constitutional Order


На овој начин се запишува користената литература на крајот од Извештајот на проектната задача.

## Што треба да направиш во втората Фаза?

- Во втората фаза се прибира документација за извршените проверки, се објаснуваат мерните инструменти и постапки (тестови, прашалници, листи за набљудување) кои се користени за добивање на податоците. Се анализираат податоците, се врши статистичка обработка на прибраните податоци и се донесуваат заклучоци.
- Се презентираат и резимираат резултатите од анализата на податоците (може да се користат табели, графикони, слики кои треба да бидат нумерирани и соодветно насловени).
- Се интерпретираат резултатите;
- Се потврдува или негира истражувачката хипотеза;
- Се образложуваат добиените резултати;
- Се опишуваат сопствените ставови и размислувања и др.

**Писмениот дел** од матурската проектна задача го сочинуваат сите пишани материјали коишто ученикот ги подготвува во текот на првата и втората фаза. Овој дел треба да е:

- технички квалитетно подготвен (компјутерски изработен во А-4 формат, со големина на фонт -12, проред 1,5);
- на литературен јазик, со соодветен стил и терминологија;
- со правилно запишани и коректно употребени забелешки, фусноти и користена литература при истражувањето како што е прикажано во примеров.

## Што треба да направиш во третата фаза?

Во третата фаза се подготвува презентацијата (одбраната) на задачата. Таа треба да биде кратка, јасна, поткрепена со аргументи, логична, подготвена според композицијата на усното изразување. Секоја презентација треба да има обмислен план за усно изразување кој ќе содржи вовед, главен дел и заклучок.

Пред тричлената комисија во *воведот* треба да ги образложиш основните информации за темата, во *главниот дел* да го образложиш јасно и прецизно истражувачкото прашање, а во *заклучокот* да ги презентираш завршните согледувања. По презентацијата, членовите на комисијата (освен менторот) имаат право да ти поставaт прашања. Презентацијата (одбраната) на проектната задача не може да трае подолго од **20 минути**, вклучувајќи го и времето за прашања и одговори.